МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АЛЕРГОЛОГИЈА И КЛИНИЧКА ИМУНОЛОГИЈА

## ПРВ СИМПОЗИУМ „НОВИНИ ВО АЛЕРГОЛОГИЈАТА И ИМУНОЛОГИЈАТА 2015"

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ

MACEDONIAN SOCIETY OF ALLERGY AND CLINICAL IMMUNOLOGY
MSACI



ISSN 0025-1097
9 770025 109002

18-20 септември 2015 година, Струга

# ВЛИЈАНИЕ НА СООДВЕТНАТА ЗДРАВСТВЕНА ИНФОРМАЦИЈА ВРЗ ПРЕПОСТАВЕНАТА ЖЕЛБА ДА СЕ ЗАПОЧНЕ ИЛИ ДА СЕ ПРОДОЛЖИ СО СПЕЦИФИЧНАТА ИМУНОТЕРАПИЈА

**Арсовски З.**

*Универзитетска Клиника за пулмологија и алергологија - Скопје*

Алерген-специфичната имунотерапија (СИТ) започнува да делува на симптомите на алергијата во тек на неколку недели до неколку месеци од почеток на терапијата, но реално се потребни неколку години да имуниот систем стане толерабилен. Поради тоа од голема важност е да има добра адхерентност на пациентите кон СИТ. Според литературата процентот на препишана и спроведена СИТ варираод 25% до преку 90%. (62)

Во трудот се анализира примерок со информации дадени по пат на интернет анкета спроведена во Франција, Германија, Шпанија, САД и Русија на пациенти со алергиски ринитис и на кои им била понудена СИТ и кои или не започнале или предвремено ја прекинале СИТ. Вклучени биле 261 пациент. Пациентите се плашеле од несакани ефекти (28%). Ист процент на пациенти не знаеле со кој алерген требало да бидат или биле третирани. 39% од испитаниците кои предвреме ја прекинале СИТ како причина навеле незадоволителен ефект и цена на чинење на СИТ. Кај оние што незапочнале со СИТ како главни причини се наведени финансиските трошоци (34%), недоволно укажан бенефит од СИТ (25%) и страв од несакани ефекти (22%). (114).

Пациентите се изјасниле дека се недоволно информирани (66% знаеле за сигурноста на СИТ, 34% знаеле колку долго ќе трае СИТ, 33% не биле прашани за нивниот избор при третманот на нивната респираторна алергија). (33)

На учесниците им е понуден примерок со информации за респираторните алергии и за СИТ. Информациите во примерокот испитаниците ги оцениле како јасни (92%), убедителни (75%) и охрабрувачки (89%). По читање на информациите 80% од испитаниците се изјасниле дека се подобро информирани и дури 76% од нив изјавиле дека би отпочнале или би продолжиле со СИТ ако докторот го користи овој примерок информирање. (62)

Начинот на презентација како и видот на информациите за СИТ се круцијални за посветеноста и соработката на пациентите на кои им е советувана СИТ. Успехот на СИТ зависи од партнерството на докторот и пациентот во развивање заедничка стратегија за справување со респираторните алергии. (42)